РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општинско основно училиште
БЛАЖЕ КОНЕСКИ
Општина Аеродром
Бр. 01-280/1
27.06 2024 год.
СКОПЈЕ

# САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ
# ООУ„Блаже Конески "- Општина Аеродром
# за периодот 2022 - 2024 година



Скопје, јуни 2024 год

**Самоевалуација на ООУ „Блаже Конески“ – Скопје**
**За периодот 2022-2024 година**

| Самоевалуација на училиштето | |
|---|---|
| **Училиште** | ООУ „Блаже Конески“ - Општина Аеродром, Скопје |
| Адреса | Ул. Венјамин Мачуковски бр.4, 1000 Скопје |
| Телефон, е-пошта | 02 2469 746<br>blaze_koneski1@yahoo.com |
| Период на подготовка на СЕУ | 2024- 2026 година |
| Број на ученици во училиштето | 973 |
| Број на подрачни училишта | / |
| **Училишен директор** | |
| Име и презиме | М-р Виолета Ристовска |
| Потпис | |
| Датум | 27.06.2024 г |
| Одобрување од УО | |
| Име и презиме | Благоја Саздовски |
| Потпис | |
| Датум | 27.06.2024 г. |

# ВОВЕД

Развивањето, воспоставувањето и унапредувањето на квалитетот во различните сфери на животот и работата, особено во областа на образованието и учењето (област која најмногу има влијание во развојот на едно општество во целина), претставува неопходна активност. Денес, насекаде во светот се воведуваат современи процедури за обезбедување на квалитет со цел образованите системи да бидат што повеќе ефективни и ефикасни. Еден од начините да се воспостави и осигура ефективен образовен систем е неговото вреднување, односно вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовните институции (училиштата). Кога зборуваме за вреднувањето на квалитетот на работата на едно училиште, треба да истакнеме дека тоа се спроведува преку: самоевалуација и интегрална евалуација. Самоевалуацијата претставува процес преку кој се вреднува квалитетот на работата на училиштето, а ја спроведува самото училиште. Оваа постапка всушност претставува вреднување на сопствената работа, а се тргнува од анализата на тоа што и како сме сработиле. Всушност, при самоевалуацијата треба да одговориме на следниве три прашања, кои претставуваат суштина на самоевалуацијата (самовреднувањето):

- **Колку училиштето е добро?**
- **Од каде го знаеме тоа?**
- **Што треба да направиме, училиштето да биде уште подобро?**

Најточни, најдобри и најрелевантни одговори на овие прашања можат да дадат наставниците, учениците, раководниот тим, останатите вработени, родителите, локалната заедница, социјалните партнери и други соработници, но секој од своја гледна точка, со што се постигнува преглед на сите предности и недостатоци (јаки и слаби страни) на самото училиште од кои произлегуваат и приоритети на училиштето. Согласно Законот за основно образование, секое училиште е должно да спроведе процес на самоевалуација секоја втора година (член 129). Интегралната евалуација ја спроведува Државниот просветен инспекторат секоја трета година (согласно законот за ДПИ) и опфаќа вреднување на: организација и реализација на наставата, услови и култура во воспитно-образовната установа, менаџмент, исполнување и вреднување на работните задачи на наставниците и стручните соработници, професионален развој на воспитно-образовните и раководните кадри, комуникации и односи со јавноста, соработка со родителите и средината и сл.

Самоевалуацијата се однесува на периодот 2022-2024 година (учебна 2022/2023 и учебна 2023/2024 година)

Согласно индикаторите за квалитетот на работата на училиштето, во процесот на самоевалуација се вреднуваа четири подрачја:

1. Планирање, настава и учење.
2. Постигање на учениците.
3. Училишна клима и односи во училиштето.
4. Раководење, управување и креирање политики.

Врз основа на член 129 став 2 и став 4 од Законот за основно образование ("Сл.весник на Р.С.Македонија бр.161/19 и 229//20) и донесената Одлука од страна на Училишниот одбор

при ООУ „ Блаже Конески "- Скопје бр. 02-36 од 27.01.2024? година, на предлог на директорот, се формира училишната Комисија која треба да изготви извештај за извршената самоевалуација за учебните 2022/2023 и за 2023/2024 година од која треба на крај да произлезат предлог - мерки за подобрување на работата на училиштето во следните години. Комисијата е во состав:

- Александра Арсовска Белчовска- психолог,
- Весна Анѓеловска-педагог,
- Ангелина Митева- одделенски наставник,
- Александра Ѓеорѓиевска Спасовски,
- Маре Јаничиќ- наставник по физика.

На наставничкиот совет при ООУ „Блаже Конески "–Скопје одржан на ден: 29.04.2024 ? година се донесе одлука и директорот формираше тимови за самоевалуација на работата во учебните 2022/2023 и за 2023/2024 година (според подрачјата на самоевалуацијата):

1. **Планирање, настава и учење:**
- Јоана Николиќ- одделенски наставник (координатор).
- Љупка Николовска - одделенски наставник, член.
- Сузана Настовска – наставник по математика, член.
- Весна Анѓеловска, член.

2. **Постигање на учениците:**
- Дубравка Гешовска- одделенски наставник (координатор).
- Љупка Давковска Мирчевски - одделенски наставник, член.
- Билјана Анушев- наставник по германски јазик, член.
- Марија Савеска, дефектолог, член.

3. **Училишна клима и односи во училиштето:**
- Искра Стојановска- наставник по англиски јазик (координатор).
- Александра Стевановски - одделенски наставник, член.
- Александра А. Белчовска-психолог, член.
- Тања Јанкуловска - наставник по македонски јазик, член.

4. **Раководење, управување и креирање политики.**
- Снежана Цветановска - одделенски наставник (координатор).
- Деан Стојанов, наставник по ФЗО, член.
- Вера Стојчевска - наставник по англиски јазик, член.
- Ленче Ѓуровска, - одделенски наставник, член.

## Методологија

| МЕТОДИ | ИНСТРУМЕНТИ |
|---|---|
| Набљудување | Следење на состојбата |
| Анкетирање | Анкети, прашалници |
| Интервју | Разговори (индивидуални и групни) |
| Скалирање | Скали, графички<br>(дескриптивни и нумерички) |
| Анализа на документи | Чек листи |

**Обезбедување транспарентност на процесот**

Резултатите од самоевалуацијата во ООУ „Блаже Конески“ за периодот 2022-2024 година беа доставени и презентирани на:

- Наставнички Совет (каде беа едногласно усвоени),
- Совет на Родители,
- Ученички Парламент,
- Училишен Одбор,
- Совет на Општина Аеродром,
- ДИЦ.

## Сумирање на наодите од самоевалуацијата за секое подрачје

### Подрачје 1: Планирање, настава и учење

| **Индикатори за подрачјето:** |
|---|
| **1.1 Планирања на наставниците**<br>• Поддршка и следење на планирањата на наставниците<br>• Размена на искуства и на информации при планирањето<br>**1.2 Наставен процес**<br>• Реализација на наставни планови и програми<br>• Избор на наставни предмети<br>• Избор на задачи, активности и на ресурси<br>• Интеракција меѓу наставниците и учениците и учениците меѓусебно<br>• Реализација на образовна инклузија<br>• Активности за меѓуетничка интеграција во образованието<br>**1.3 Искуства на учениците од учењето**<br>• Средина и атмосфера за учење<br>• Идентификување и задоволување на различните образовни потреби на учениците<br>**1.4 Оценувањето како дел од наставата**<br>• Училишна политика за оценување<br>• Методи, форми и инструменти на оценување<br>• Коефициент на континуитет на успехот на учениците<br>• Користење на информациите од оценувањето во наставата<br>**1.5 Воннаставни активности и натпревари**<br>• Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности<br>• Опфатеност на учениците од различен пол и јазик на наставата со воннаставните активности<br>• Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во воннаставните активности<br>• Натпревари |

## Самоевалуација на училиштето „Блаже Конески“ – Скопје

### Подрачје 1: Планирање, настава и учење

| Собирање податоци | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 1.1 Планирања на наставниците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| **Документи**<br>Наставни планови и програми донесени од МОН<br>Национални стандарди за постигнувања на учениците<br>**Извори на податоци** | Поддршка и следење на планирањата на наставниците | Применуваните наставни планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од Министерството за образование и наука, и БРО. Наставните планови и програми се планираат во пропишаниот обем, како и истите се следат од страна на стручна служба и директор. Наставата целосно се организира и реализира согласно наставниот план за основното образование. |
| Годишна програма за работа на училиштето; планирања на наставниците; списоци, агенди и извештаи од реализирани обуки; записници и списоци од состаноци на стручни активи; анкети со наставници; интервјуа со директорот, стручните соработници; извештаи од стручни соработници за следни планирања. | Размена на искуства и на информации при планирањето | Пред почетокот на секоја учебна година, училиштето изработува Годишна програма во која ги планира севкупните активности за реализација на наставните планови и програми, како и за реализација на вон-наставните активности. Годишната програма се разгледува од страна на наставничкиот совет, а училишниот одбор ја предлага за усвојување на Советот на Општината најдоцна до 15 август. Процедурата за донесување на Годишна програма е целосно запазена.<br>Родителите се запознаваат со наставните планови и програми на родителските средби и на состаноците на советот на родителите, додека пак учениците се запознаваат со наставните планови и програми на првите часови на почетокот од учебната година.<br>Наставниот кадар ги има приспособено наставните програми по одредени предмети, според можностите на децата со посебни потреби, со асистенти и асистивна технологија која е обезбедена.<br>Со учениците кои поспоро и потешко напредуваат секој наставник прилагодува дел од наставната програма за определен час кога има потреба и работи индивидуално со тој ученик/ци. Истото се прави и при планирањето на дадениот час. Педагогот дава стручна помош со совети и консултации со наставниците за начинот на работа со овие ученици, а психологот и дефектологот работат со овие ученици и ги следат.<br>Во училиштето се планира настава со продолжен престој-проширена (за ученици од прво до трето |

| | | |
|---|---|---|
| | | одделение), почитувајќи ги можностите и потребите на учениците. Проширена програма се планира со учениците од прво до трето одделение, а опфаќа прифаќање на учениците, дружење, дополнителни информации за домашни задачи и подготовки за одење дома и средби со родители.<br>Училиштето има разработено насоки за вградување на меѓупредметните цели во сите наставни програми што ќе се реализираат. Наставниците ги почитуваат тие насоки при своето планирање и ги применуваат. На овој начин наставниците си разменуваат искуства, си споделуваат информации и си помагаат при планирањето на наставниот процес. |
| **Индикатор 1.2 Наставен процес** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| **Документи:**<br>Концепција за основно образование<br>Концепција за инклузивно образоване<br>Водич за слободни изборни предмети<br>Водич за работа на Училиштен инклузивен тим<br>Упатство за организирање заеднички наставни часови<br>**Извори на податоци**:<br>Годишна програма за работа на училиштето; планирања на наставниците; списоци, агенди и извештаи од реализирани обуки; записници од состаноци на стручни служби; анкети со наставници; интервјуа со директорот, стручните соработници; извештаи од стручни соработници | Реализација на наставни планови и програми | 1.2 Во училиштето се реализираат наставните планови и програми изготвени од Бирото за развој на образованието и одобрени од Министерството за образование и наука. Врз основа на наставните планови и програми, наставниците пред почетокот на секоја учебна година изработуваат годишни и тематски планирања по сите наставни предмети (задолжителни и изборни) и за додатна, дополнителна и слободните ученички активности. Истите во август ги предаваат во стручната служба на училиштето. Сите наставници планираат, согласно потребите и реализираат дополнителна и додатна настава во училиштето, како и слободни ученички активности. |
| | Избор на наставни предмети | Училиштето на учениците им нуди изборни предмети, според наставниот план,согласно на Водичот и правилникот за слободни изборни предмети.<br>Постапката за избор на наставни предмети се применува во целост, со доследно почитување на потребите и барањата на учениците. |
| | Избор на задачи, активности и на ресурси | Наставниците во своите тематски планирања интегрираат и часови по информатичко-комуникациска технологија ,<br>Еко – содржини,антикорупција, МИО.<br>Во училиштето се реализира настава со продолжен престој-проширена (за ученици од прво до трето одделение), почитувајќи ги можностите и потребите на учениците. Проширена програма се реализира со учениците од прво до трето одделение, а опфаќа |

| | | |
|---|---|---|
| за следни планирања. | | прифаќање на учениците,едукативни активности, дружење, дополнителни информации за домашни задачи и подготовки за одење дома и средби со родители.<br>Наставниците делумно имаат влијание врз подготвувањето на наставните програми и планови изготвени од МОН и БРО со тоа што тие даваат писмени сугестии и предлози за нивно изменување. |
| | Интеракција меѓу наставниците и учениците и учениците меѓусебно | Наставниците применуваат разни проекти, истражувачки активности, игри кои ги мотивираат учениците за учење со разбирање. Постои интеракцијата меѓу наставниците и учениците, како и на учениците меѓусебно. |
| | Реализација на образовна инклузија | Со учениците кои поспоро и потешко напредуваат секој наставник прилагодува дел од наставната програма за определен час кога има потреба и работи индивидуално со тој ученик/ци. Истото се прави и при планирањето на дадениот час. Педагогот дава стручна помош со совети и консултации со наставниците за начинот на работа со овие ученици, а психологот и дефектологот повремено работат со овие ученици и ги следат.<br>Наставниот кадар, според можностите на децата со посебни потреби, има соработка со асистентите. |
| | Активности за меѓуетничка интеграција во образованието | Наставниците во своите тематски планирања интегрираат и часови по информатичко-комуникациска технологија, Еко – содржини,антикорупција, МИО. Наставниците следат обуки за спроведување и реализација на МИО во училиштето. |

| **Индикатор 1.3 Искуства на учениците од учењето** | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| **Извори на податоци:** Анкета со учениците, родителите и наставниците; разговори во фокус групи со ученици, родители и | Средина и атмосфера за учење | Учениците сметаат дека во училиштето постои стимулирачка и поттикнувачка средина, која буди интерес за учење. Голем дел од учениците се изјасниле дека имаат можност самостојно да размислуваат, да даваат предлози и да преземаат одговорност во процесот на учење, без оглед на полот, националноста и социјалното потекло. Тие |

| | | |
|---|---|---|
| наставници; разговор со стручна служба; увид во ученичките досиеја; увид во евиденцијата на стручните соработници. | | сметаат дека училиштето низ организирани форми ги поттикнува и мотивира за меѓусебна соработка. Учениците можат да го искажат своето мислење пред наставниците за одделни прашања и проблеми. |
| | Идентификување и задоволување на различните образовни потреби на Учениците | Тие сметаат дека училиштето низ организирани форми ги поттикнува и мотивира за меѓусебна соработка. Учениците можат да го искажат своето мислење пред наставниците за одделни прашања и проблеми.<br>Учениците во поглед на средината на учење сметаат дека им недостасуваат училници кои ќе бидат опремени со компјутер за секое дете и ќе располагаат со поголем број на наставни и нагледни средства. |

**Индикатор 1.4 Оценувањето како дел од наставата**

| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
|---|---|---|
| **Документи:**<br>Национални стандарди за постигањата на учениците на крајот од основното образование<br>Правилник за организација и начинот на спроведување на дополнителна и додатна настава<br>Критериуми за оценување на постигањата на учениците<br>**Извори на податоци:**<br>Годишна програма за работа на училиштето; распоред за додатна и дополнителна настава, списоци на ученици кои се вклучени во додатна и дополнителна настава, правилник за оценување и | Училишна политика за оценување | Училиштето ги применува законските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Во училиштето редовните и изборните наставни предмети се оценуваат описно и со нумерички оценки од недоволен (1) до одличен (5). Поведението на учениците се оценува како: примерно, добро и незадоволително. Учениците и родителите се запознаваат со стандардите и критериумите за оценување на родителски средби, кои се реализираат на почетокот и во текот на целата учебна година, како и за секоја добиена оценка на приемните денови со родителите. |
| | Методи, форми и инструменти за оценување | Наставниците имаат посетено обука за унапредување на оценувањето на која се запознале со принципите и стандардите за оценување, како и со видовите оценувања (формативно и сумативно оценување). |
| | Коефициент на континуитет на успехот на учениците | Секој наставник го следи напредокот на учениците во учењето, а го оценува преку: усни проверки, писмени работи, тестови на знаење, чек листи, белешки, домашни работи на учениците, самостојни и групни проекти, активно учество на учениците на часот, степенот на развиено критичко мислење, вклучување во дебати и дискусии, итн. Оттука следува дека добиената оценка е синтеза на повеќе аспекти, а различните приоди во оценувањето им овозможуваат на учениците да ги подобруваат постигањата. |

| | | |
|---|---|---|
| напредување на учениците, интерен правилник за оценување, увид во педагошк а евиденција и документација, користените инструменти за оценување; примери на оценети ученички трудови; записници од стручните активи, наставничкиот совет; анкети/интервјуа со учениците и наставниците, родителите; инструменти за индивидуализирани начини на проверка | | Оценувањето е праведно, транспарентно и секогаш проследено со образложение и дискусија од страна на наставникот и учениците, која пак во голема мера им помага на учениците да ги подобрат своите постигања. Учениците се вклучуваат во процесот на оценување и преку самооценување и меѓусебно оценување. |
| | Користење на информациите од оценувањето во наставата | Според статистиките кои се пополнуваат за секое тримесечје, како и за полугодие и крај на учебната година, се следи коефициентот на континуитетот на постигнатиот успех на учениците. |
| **Индикатор 1.5 Воннаставни активности и натпревари** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| **Документи**<br>Концепција за воннаставни активности во основното образование, Правилник за начинот и поблиските критериуми на организирање и изведување на натпреварите на учениците по одделни предмети на општинско, регионално и државно ниво во основното образование<br>**Извори на податоци**<br>Годишна програма за работа; програми за воннаставни | Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности | Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности во согласност со потребите и интересите на учениците и истите им користат за поддршка на нивниот личен, кариерен (професионален) и социјален развој. Во воннаставните активности во нашето училиште опфатени се: екскурзиите, општествено корисната работа (Еко акции, хуманитарни акции), активности поврзани со МИО, ученички парламент, ученичките натпревари. Со Годишната програма за работа на училиштето се планираат колку и какви ученички екскурзии ќе се изведуваат, во согласнот со правилникот за реализација на ученичките екскурзии и со добиено одобрение од БРО и општината. Одложувањето (неодржувањето) на екскурзиите е со одлука на Наставнички совет, како и изведувањето на дополнителни, непланирани екскурзии. Пред секое изведување на екскурзија родителите се контактираат (даваат свое мислење) и известуваат за |

| | | |
|---|---|---|
| активности; извештај од реализирани екскурзии; педагошка евиденција и документација; дипломи, признанија, пофалници од учество на манифестации и натпревари; интервјуа/анкети со наставници, родители, ученици и стручни соработници за воннаставни активности; записници од стручни активи и ученичка заедница; список на ученици вклучени во воннаставни активности; увид во интернет-страницата, во весниците, програмата на радиото, социјалните мрежи итн. | | истата преку родителска средба или преку Советот на родители.<br>Општествено корисна работа на учениците е насочена кон реализирање на планирани активности со програмата на училиштето, како и учество во активности во соработка со локалната средина и пошироко. Најчесто се состојат во уредување на просторот во училиштето и училишниот двор, спроведување на разни еколошки акции кои се однесуваат на здравјето,согласно воспоставените Еко стандарди (обезбедување и одржување на здрава и чиста животна средина за работа и учење), но и со учество во други, надворешно организирани активности, како и хуманитарни акции. |
| | Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во воннаставните активности | Најголемиот број ученици се опфатени и вклучени барем во една воннаставна активност за поддршка на личниот и социјалниот развој, како и во натпревари. Училиштето обезбедува услови за вклучување на учениците од семејства со низок социо-економски статус во воннаставните активности и натпревари. |
| | Натпревари | Учениците се вклучуваат во воннаставните активности и натпреварите според сопствен избор и желба. Наставниците ги насочуваат, поттикнуваат и подготвуваат учениците за натпревари. Изборот на ученици за натпревар се спроведува преку организација на училишни натпревари на ниво на генерација. |

**Самоевалуација на училиштето „Блаже Конески" – Скопје**
**Подрачје 1:**
**Планирање, настава и учење**

| **Резултати** |
|---|
| **Силни страни**<br>❖ Постои добра комуникација помеѓу наставниците, наставник-ученик-родител.<br>❖ Училиштето има разработено насоки за вградување на меѓупредметните цели во сите наставни програми што ќе се реализираат. Наставниците ги почитуваат тие насоки при своето планирање и ги применуваат.<br>❖ Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на нивниот личен, кариерен (професионален) и социјален развој.<br>❖ Во реализирањето на наставата, наставниците користат разновидни и современи наставни методи и форми на работа кои се соодветни на потребите на учениците и нивните стилови на учење,а во процесот на поучување и учење се користат различни методи на интеракција со учениците, со цел да се подобри учењето и да се стекнат трајни знаења..<br>❖ Оценувањето во училиштето е реално, транспарентно и проследено со образложение и дискусија од страна на наставникот и учениците, која пак во голема мера им помага на учениците да ги подобрат своите постигања.<br>❖ Во училиштето учениците, а и наставниците се обучени да препознаат разни форми на насилство, а и истото да го спречат.<br>❖ Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност во наставата. Училишниот простор е безбеден за изведување на настава.<br>❖ Училиштето има донесено Кодекс на однесување на учениците и е истакнат на јавно место.<br>❖ Во училиштето се организираат и предавања од стручни лица за едукација и заштита на учениците од заразни болести. За тоа постои добра соработка со здраствените установи.<br>❖ Училиштето води грижа за учениците со емоционални потешкотии без оглед на потеклото.<br>❖ Вработените и учениците заеднички допринесуваат за стекнатиот углед и репутација на училиштето. |
| **Слаби страни**<br>❖ Недостаток на просторни капацитети, инфраструктура и човечки ресурси. |

- ❖ Целосно опремување на училиштето со смарт табли.
- ❖ Поголемо вклучување на учениците во реализација на воннаставните активности(изборот на воннаставните активности да произлегува од реалните потреби и интерсите на учениците).
- ❖ Бројот на компјутери не ги задоволува потполно потребите за вкупниот број ученици во училиштето.

**Самоевалуација на училиштето „Блаже Конески“ – Скопје**
**Подрачје 1:**
**Планирање, настава и учење**

| **Анализа на резултатите (подетална анализа):** |
|---|
| Наставно-воспитниот процес се реализира редовно според плановите и програмите донесени од МОН, од страна на стручно оспособен кадар. Сите наставници планираат, согласно потребите и реализираат дополнителна и додатна настава во училиштето. Родителите се запознаваат со наставните планови и програми на родителските средби, а пак учениците на првите часови на почетокот од учебната година.<br>На почетокот на секоја учебна година, наставниците доставуваат изработени планирања за сите видови настава. Директорот и стручната служба им даваат поддршка за поефикасно планирање, а според изготвени критериуми за успешно планирање и реализирање на часот, заеднички ги следат и вреднуваат посетените часови. На тој начин во училиштето се оценува работата на наставниците не само во делот на планирањата, туки и во реализацијата на сите видови настава, СУА, потоа преку постигнатиот успех и резултати од учество на натпревари.<br>Училиштето има делумно капацитет да ги приспособува наставните програми по одредени предмети,  според можностите на децата со посебни потреби.<br>Учениците се вклучуваат во воннаставните активности според своите интереси и способности. Учениците учествуваат на училишни, општински, регионални и државни натпревари и постигнуваат резултати со кои го афирмираат училиштето. Во училиштето се организираат пригодни програми во кои учествуваат учениците, членови во повеќе секции, меѓутоа потребно е истите да се прилагодат на интересите на учениците со цел повеќе ученици да учествуваат во истите. |
| **Приоритетни подрачја (идни активности):** |
| ➢ Проширување на просторните капацитети (кабинетска настава), инфраструктура(реконструкција на училиштето) и човечки ресурси (недостаток од технички персонал).<br>➢ Целосно опремување на училиштето со смарт табли. |

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

| **Индикатори за подрачјето:** |
|---|
| **2.1 Планирања на наставниците**<br>• Следење на постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди<br>• Резултати од екстерни тестирања<br>• Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост<br>• Известување на родителите/старателите за постигањата на учениците<br>**2.2 Мерки за подобрување на постигањата**<br>• Редовност во наставата<br>• Советување на родители/старатели и ученици<br>• Подобрување на постигањата на учениците |

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 2.1 Постигања на учениците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Е-дневник<br>Записници од родителски средби<br>Анализи и извештаи на постигања по различни критериуми и квалификациски периоди и акциски план за подобрување;<br>Интервју со стручни соработници.<br>Извештаи за реализирани воннаставни активности<br>Разговор со одговорните тестатори за ТИМСС;<br>Интервју со стручните соработници.<br>Извештаи од одделенски состаноци,<br>Записници од Наставнички Совет (за наградени, учество во | Следење на постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди | Во ООУ „Блаже Конески” Општина Аеродром наставата се реализира на македонски наставен јазик, во истата се опфатени ученици од македонска, албанска, влашка, српска ромска, турска и други националности.<br>Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети, за сите квалификациски периоди и презема активности за нивно подобрување.<br>Училиштето води целосна и уредна евиденција за постигањата на учениците со податоци за напредокот на истите, добиени како резултат на проценка направена од страна на наставниците по сите наставни предмети. Наставниците подготвуваат редовни извештаи и анализи по квалификациони периоди, тие извештаи се доставуваат кај стручната служба и раководниот кадар на училиштето кои ги обработуваат, сумираат и ги презентираат на Наставнички совет. Извештаите располагаат со податоци за постигањата на учениците според пол и според јазикот на кој учениците ја следат наставата. Тие податоци и извештаи се чуваат во училишната документација и за истите се запознаени Советот на родители, Училишниот одбор, Општина Аеродром, МОН во рамките на Полугодишните и Годишните извештаи за работата на училиштето. Според добиените податоци од анализата се преземаат низа мерки за подобрување на постигањата.<br>Нашето училиште учествува во сите планирани воннаставни активности. Постигањата од истите се евидентираат и следат континуирано во е-дневник, како и во извештаите за реализација на воннаставните активности кои се достапни на сите наставници, стручната служба и родителите. |

| | | |
|---|---|---|
| вонннаставни...) Анкетни прашалници. | Резултати од екстерни тестирања | Нашето училиште во учебна 2023/2024 година, беа опфатени две паралелки од V одделение за кое сеуште нема резултати. Резултатите се најавени за декември 2024 година. Откако ќе ги добиеме резултатите од тестирањето, соодветно ќе се анализираат и ќе се преземат мерки за нивно подобрување доколку има потреба за тоа. |
| | Идентификување и поддршка на учениците со потешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост | Училиштето има формирано тимови кои успешно ги идентификуваат учениците со потешкотии во учењето, надарените ученици, како и учениците со попреченост и соодветно изготвува програми.<br>Учениците со поттешкотии поддршката ја добиваат согласно индивидуалните потреби. Во соработка со одделенските и класните раководители се врши идентификација на потребите на ученикот, а по потреба се вклучуваат и други институции и стручни лица се со цел надминување на тешкотиите и зголемување на функционалноста на учениците .<br>Стручните соработници даваат препорака за организирање дополнителна настава за учениците. Организираат индивидуални средби, разговори, работилници, предавања, техники за како да се олесни учењето, вештини за континуирано учење. Се вклучуваат со советување на учениците/родителите (согласно чл.76 од ЗОО), соработка и континуирана поддршка.<br>Најголем број родители се задоволни од советите кои што ги добиваат од училиштето за подобрување на тешкотиите во учењето.<br>Родителите кои и по пратени 3 покани не се јавуваат на советување, најпрво се посетуваат, а потоа се пријавуваат во центарот за социјални работи и ДПИ.<br>Исто така наставниците постојано работат на надминување на тешкотиите со индивидуален пристап во наставата, редовно одржување на часовите по дополнителна настава. |

| | |
|---|---|
| | Надарените и талентираните ученици добиваат поддршка од наставниците со вклучување во вонnаставни активности, членување во слободните ученички активности(секции според афинитетите), учество во проекти и истражувања на конкретна тема, учество на натпревари и конкурси организирани во училиштето, општината, МОН.<br><br>Надарените и талентираните ученици поддршката ја добиваат секако и со индивидуален пристап на редовните часови, на планираните часови по додатна настава и со понатамошно упатување кон поголема стручност. Училишниот психолог работи индивидуално со овие ученици, особено со зајакнување на нивните лични и социјални капацитети.<br>Нашето училиште изготвува индивидуални образовни планови за учениците со посебни образовни потреби, оваа година се изработени 9 ИОП, наставниците ги следат и имаат индивидуален пристап кон нив. Напредокот на учениците со посебни потреби, континуирано го следат специјалниот едукатор и рехабилитатор, училиштниот психолог и педагог во соработка со наставниците и родителите и по потреба се врши ревизија на ИОП. Поддршката за овие ученици се одвива и во соработка со ресурскиот центар надлежен за нашето училиште како и центарот за функционална проценка –МКФ. По процена на МКФ, во поддршка на овие ученици се вклучува и образовен асистент.<br>Најголем број родители се задоволни од советите кои што ги добиваат од училиштето за подобрување на тешкотиите во учењето.<br>Соработката на Стручните соработници и наставниците во однос на давање поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост е на завидно ниво и се изразува преку: соработка на состаноците на стручните активи, подготвување на предавања за родителските средби, континуирани консултации, акциски истражувања. |

| | | |
|---|---|---|
| | Известување на родителите/старателите за постигањата на учениците | Училиштето редовно ги известува родителите за напредокот на нивните деца. Родителите/старателите добиваат информации за постигањата на учениците по секој квалификационен период преку евидентните листови за постигнатиот успех на родителските средби, на приемните денови на наставниците, како и на информативниот ден на училиштето кој се одржува секоја последна среда во месецот. Родителите имаат можност да се запознаат со постигањата на своето дете преку е-дневникот кој уредно се води. |

| **Индикатор 2.2 Мерки за подобрување на постигањата** | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Записници од советувања на родители и ученици<br>распоред и списоци за дополнителна и додатна настава<br>Интервју со стручна служба<br>Записници на наставнички совети<br>Анкетни прашалници<br>Е-дневник | Редовност во наставата | Училиштето системски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности. Според извршените анализи одреден проблем постои кај одредени ученици од ромска националност, кои често отсуствуваат од настава.<br>Во последната година, од вкупно 971 ученик, направени се 19158 оправдани изостаноци и 262 неоправдани изостаноци. Бројот на оправданите изостаноци на учениците во 2023/24 во однос на 2022/23 е зголемен , но има опаѓање на бројот на неоправданите изостаноци во споредба со изминатата година. Изостанувањата најчесто се должат на подолготрајнио отсуство поради здравствени причини. Според националноста, најголемиот број неоправдани изстаноци се направени од учениците од ромска националност. Според едукативниот период, поголемиот број оправдани изостаноци се направени од ученици од предметна настава. Евидентно е дека машките ученици имаат поголем број на изостаноци. Изостанувањата најчесто се должат на подолготрајнио отсуство поради здравствени причини.<br>Стручните соработници, поточно, училишниот психолог се вклучуваат со советување на |

| | | |
|---|---|---|
| | | учениците/родителите се со цел подобрување на редовноста кај учениците. (согласно чл.76 од Законот за Основно Образование.) Тие ги посетуваат семејните домови за да ги утврдат причините за непосетување настава и да влијаат на почитување на законската обврска за задолжително посетување настава. Во одредени случаи училиштето соработува со Центарот за социјални работи и МОН.Според резулатите од спроведените анкети, најголем дел од родителите **се согласуваат** со тврдењето дека **континуирано се информирани за редовноста на нивното дете.** |
| | Советување на родители/старатели и ученици | Наставниците континуирано ја следат редовноста и успехот на учениците. По детектирање на одредена состојба во соработка со училишниот психолог се праќа архивирана покана за советување на родител/старател, за да по 8 дена се договара средба за советување, со цел надминување на детектираната состојба (нередовност, намален успех или поведение). Доколку и по 3 покани не е постигнато решение, се вклучува соработка со Центар за социјални работи и ДПИ при МОН.<br>На советување се покануваат родители/старатели и учениците кои имаат повеќе од 10 неоправдани изостаноци. Понатаму, доколку се детектира подолго оправдано отсуство, без посериозни причини, исто така превентивно се реализира советодавна средба со родителите и учениците, се со цел да се влијае на редовноста, како и едукативно да се пристапи за поврзаноста на редовноста со успехот во училиштето. При подолго отсуство, стручните соработници вршат посета на терен со цел едукативно да влијаат врз семејствата за важноста од редовноста во училиште. Овие посети краткотрајно вродуваат подобрување на редовноста, но по извесен период повторно се повторуваат. На советување се повикуваат и родителите на ученици кои имаат 3 или повеќе слаби оценки или кај ученици кај кои значително се намалил успехот (член 76 од ЗОО). Од праксата се воочува подобрување на успехот кај овие ученици. На советување се покануваат и родители/старатели на ученици кои манифестираат несоодветно однесување. |

| | | |
|---|---|---|
| | Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава | Во нашето училиште систематски се следи, споредува и анализира состојбата со успехот и постигањата на учениците. Наставниците користат методи и стратегии за подобрување на успехот на учениците, но и дополнување на пропуштените знаења во текот на учебната година.Тоа се надоместува во редовната настава низ индивидуалниот приод, но најмногу на часовите по дополнителната настава. Училиштето промовира уверување дека постигањата на сите ученици може да се подобрат и организира дополнителна и додатна настава. Секој наставник на почетокот на учебната година изготвува годишна програма за овие форми на настава. За дополнителната настава изготвени се и посебни известувања до родителите на учениците кај кои се воочени потешкотии во совладувањето на материјалот по поедини предмети. Во училиштето се реализира дополнителна настава со учениците кои имаат недоволни оценки по предметите и тоа најмалку 4 часа во текот на месецот која ученикот треба да ја посетува со претходна согласност од родителот. За подобрување на постигањата на учениците во наставата се организираат ученички натпревари, учениците земаат учество на различни конкурси, се организираат ученички екскурзии  од наставно рекреативен карактер. Се врши советување на ученици и родители кои послабо напредуваат, имаат негативни оценки, несоодветно се однесуваат во училиштето или изостануваат од настава. Се одржуваат работилници и предавања на тема стилови на родителство, техники на учење, мотивација, успешна комуникација и сл. Се изведува индивидуално и групно советување на учениците. |

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

**Опис/резиме на подрачјето**

Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети, за сите квалификациски периоди и презема активности за нивно подобрување.
Училиштето води целосна и уредна евиденција за постигањата на учениците со податоци за напредокот на истите, добиени како резултат на проценка направена од страна на наставниците по сите наставни предмети.
Училиштето има формирано тимови кои успешно ги идентификуваат учениците со потешкотии во учењето, надарените ученици, како и учениците со попреченост и соодветно изготвува програми.
Надарените и талентираните ученици добиваат поддршка со вклучување во воннаставни активности, учество во слободни ученички активности, како и редовно учество на конкурси и натпревари организирани од училиштето, општината и од МОН и постигнуваат солидни резултати.
Нашето училиште изготвува индивидуални образовни планови за учениците со посебни образовни потреби, оваа година се изготвени 9 такви планови.
Родителите/старателите добиваат информации за постигањата на учениците по секој квалификационен период преку евидентните листови за постигнатиот успех на родителските средби, на приемните денови на наставниците, како и на информативниот ден на училиштето кој се одржува секоја последна среда во месецот.
Училиштето системски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности.
Во текот на целата наставна година се врши следење на редовноста на учениците и по потреба се преземаат мерките пропишани со Законот за основно образование и за сето тоа се води евиденција за редовност која стои во документацијата на психологот.

Според анализите во секој квалификационен период, редовноста на учениците задоволува. Отсуствата се најчесто оправдани со медицински белешки, најголемиот број изостаноци се прават во сезоната на грипови.
Стручните соработници се вклучуваат со советување на учениците/родителите се со цел подобрување на редовноста кај учениците.
Во нашето училиште систематски се следи, споредува и анализира состојбата со успехот и постигањата на учениците. Наставниците користат методи и стратегии за подобрување на успехот на учениците, но и дополнување на пропуштените знаења во текот на учебната година.
Постои тренд за подобрување на резултатите од дополнителната настава следејќи го ученикот од неговата иницијална состојба, па се до повисоките одделенија, за што секое дете има од почетокот свое портфолио од каде наставникот го гледа напредувањето на ученикот во текот на годината.

| **Силни страни:**<br><br>• Училиштето има систем за идентификување и поддршка на учениците кои имаат потешкотии во учењето, надарените ученици како и учениците со пречки во развојот и континуирано го следи нивниот напредок.<br><br>• Има систем за идентификување и поддршка на надарените и талентирани ученици да ги развиваат своите потенцијали. |
|---|
| **Слаби страни**<br><br>• Меѓуврсничка поддршка за совладување на наставниот материјал. |
| **Приоритети**<br><br>• Меѓуврсничка поддршка за совладување на наставниот материјал. |

## Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето

| **Индикатори за подрачјето:** |
|---|
| **3.1 Училишна клима**<br>• Углед/имиџ на училиштето<br>• Кодекс на однесување<br>• Училишна клима<br>• Поведение и дисциплина во училиштето<br>• Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми<br>**3.2 Еднаквост и правичност**<br>• Познавање и почитување на правата на децата<br>• Еднаков и правичен третман на сите ученици<br>**3.3 Партнерски однос со заедницата**<br>• Соработка на училиштето со родителите/старателите<br>• Соработка со општината и со урбаната заедница<br>**3.4 Севкупна грижа за учениците**<br>• Превенција и заштита од насилство<br>• Заштита од пушење, алкохол и дрога<br>• Квалитет на достапна храна |

- Хигиена и заштита од болести
- Грижа за безбедноста на учениците и вработените
- Грижа за учениците од социјално загрозени семејства
- Грижа за учениците со здравствени проблеми
- Грижа за социо-емоционаланта добросостојба на учениците
- Давање помош при изборот за продолжување на образованието

| Собирање податоци | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 3.1 Училишна клима** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| ➢ Кодекс на однесување;<br>➢ Анкети /интервјуа со наставниците, стручните соработници, родителите /старателите и со учениците;<br>➢ Педагошка евиденција за изречени педагошки мерки;<br><br>➢ Статут на училиштето; куќен ред на училиштето;<br>➢ Пофалби, награди, признанија и др.;<br>➢ Написи за | Углед/имиџ на училиштето | Имиџот на нашето училиште е на високо ниво. Угледот се гради преку реализирање на квалитетна настава, организирање разновидни вонннаставни активности, меѓусебните односи на сите чинители вклучени во воспитнообразовниот процес. Училиштето е препознатливо по високиот квалитет на работа,постигања на учениците, дисциплината и континуираната насоченост кон остварувањето на визијата и мисијата на училиштето. Раководниот кадар, стручната служба, наставниците, учениците и родителите преку меѓусебна соработка се трудат да го подигнат угледот на училиштето во што несомнено и успеваат. Наставниот кадар ужива почитување кај родителите. Во училиштето владеат позитивни меѓучовечки односи. Промовирање на постигнувањата за сите ученици како и афирмирање на воннаставните активности се прават преку училиштниот весник кој излегува два пати годишно, facebook страната на училиштето и web страната. Училиштето има воспоставен куќен ред кој се почитува и од учениците, вработените и родителите. Како и кодекс на облекување (задолжително носење униформа) кој се спроведува редовно и е контролиран од |

| | | |
|---|---|---|
| училиштето во национални и локални медиуми и на социјалните мрежи;<br>➢ Решение за формирање ученички парламент и избор на ученик правобранител;<br>➢ Програма и правилник за работа на ученичкиот парламент и ученикот правобранител;<br>➢ Досие на ученички парламент (програма за работа, записници, одлуки, извештаи од реализирани ученички иницијативи | | комисија за носење на униформи. |
| | Кодекс на однесување | Во училиштето постојат повеќе Кодекси на однесување, Кодекс за однесување на воспитно – образовниот кадар, Кодекс за однесување на учениците и Кодекс за однесување на родителите. Со нив се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури во училиштето (раководниот кадар, стручната служба, наставниците, техничкиот персонал, учениците и родителите). Во неговата изработка учествуваа претставници на сите структури во училиштето и доследно се почитува од сите. Доколку правилата на однесување донесени со кодексот се прекршат на било кој начин, во тој случај училиштето ќе премине кон извршување на пропишаните процедури за прекршување на истиот. Со нив се запознаваат учениците и родителите во почетокот од секоја учебна година, на првата родителска средба и истите се истакнати на видни места во училиштето и објавени на училишната веб страна |
| | Училишна клима | Училишната клима се гради врз основа на водење конструктивен професионален дијалог помеѓу вработените и градење позитивни односи на релација „наставник – ученик ", „наставник – родител "и „ученик – ученик ". Училиштето води политика на взаемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот. Постои професионална соработка меѓу вработените, учениците и нивните родители. Раководниот и наставниот кадар има клучна улога во одржувањето на добра и работна атмосфера во училиштето. Сите ученици без оглед на посебностите,родот,етничката припадност и потеклото се чувствуваат безбедни и прифатени во училиштето. |

| | | |
|---|---|---|
| | Поведение и дисциплина во училиштето | Поведението и дисциплината на учениците е на задоволително ниво. Проблемите во врска со поведението и дисциплината се незначителни. Во училиштето постои работна атмосфера за време на наставата и воннаставните активности, а вработените се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на наставата, одморите, приемот на учениците и нивното испраќање. Во текот на учебната година со цел да се одржи редот, дисциплината и безбедноста во училиштето, организирани се секојдневни дежурства од предметни и одделенски наставници. Наставниците со успех ги решаваат проблемите што се однесуваат на дисциплината и редовноста, и соодветно го применуваат Правилникот за изрекување педагошки мерки. Редовно ги мотивираат учениците со цел да постигнат повисоки цели. Сите вработени се трудат да одржуваат позитивна атмосфера во училиштето без закани, говор на омраза, провокации, навреди и сл. Педагошко-психолошка служба во училиштето има добра соработка со наставниците, учениците и нивните родители и со успех решаваат одредени потешкотии. Училиштето води редовна педагошка евиденција за изречени педагошки мерки. Според истите се формира Тим за поддршка на родители и ученици. |
| | Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми | Училиштето има демократски избрана Ученичка заедница која учествува во решавањето проблеми и донесување одлуки за прашања што се од непосреден интерес за учениците и во истата има вклучено ученици од сите националности. Со измените во Законот за основно образование од 2019 година, за остварување на интересите на учениците тие се организираат во Заедница на паралелка и Ученички парламент. Учениците преку ученичкиот парламент активно учествуваат во застапувањето и промовирање на правата и интересите на учениците. Претставници од ученичкиот парламент се присутни на наставничките совети на совет на родители и на |

| | | |
|---|---|---|
| | | состаноците на Училишниот одбор. |
| **Индикатор 3.2 Еднаквост и правичност** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| ➢ Анкета и разговори со ученици, родители /старатели, наставници;<br>➢ Извештаи од спроведени активности за запознавање со детските права;<br>➢ Записници од активностите на Ученичкиот парламент и ученикот правобранител<br>➢ Структура на паралелките; записници од работата на ТУИ-Тимот за училишна интеграција;<br>➢ Дневник за работа на стручните соработници;<br>➢ Оперативен | Познавање и почитување на правата на децата | Сите вработени во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на учениците. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста и се залага за соработка и еднаквост на сите структури што учествуваат во училишниот живот. Некои наставни предмети (часот на одделенската заедница – Програма: Образование за животни вештини) третираат проблематика поврзана со еднаквост и правичност. Наставниците ги почитуваат принципите на еднаквост и правичност во однос на сите ученици. Во училиштето, ученичкиот правобранител се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците и реализира активности за запознавање на учениците со неговите надлежности во однос на заштита на детските права. Во училиштето се организираат воннаставни активности по повод Детска недела и Меѓународен ден на детето на кој се става посебен акцент на правата на децата. На голем дел од активностите присуствуваат и родителите/старателите. Најголемиот број од учениците сметаат дека нивните права се почитуваат, но според одговорите во анкетите на родителите, се изјасниле дека не се вклучени во активности за запознавање со правата на децата. |

| | | |
|---|---|---|
| план за наставен час;<br>➢ Записници од наставнички совет;<br>➢ Критериуми и процедури за избор на ученик на генерација. | | |

| | | |
|---|---|---|
| | Еднаков и правичен третман на сите ученици | Сите вработени во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло, индивидуалните способности и кога се работи за активности на часот и активности надвор од часот. Училиштето постојано се труди да обезбеди здрава клима меѓу учениците и меѓу наставниците без разлика на пол, етничка припадност или различност во способностите низ секојдневната редовна настава и воннаставните активности. Училиштето го прифаќа и промовира мултикултурализмот. Наставниците во своите годишни програми доставуваат и план за спроведување на мултикултура на часовите. Во нашето училиште има ученици од различни етнички заедници, освен Македонци има и Турци, Роми, Албанци. Училиштето е дел од проектите на МОН за промовирање и спроведување на активности за мултикултурализмот и во согласност со тоа учениците се воспитуваат и образуваат со примена на мултикултурализам во наставата. Училиштето организира заеднички наставни и воннаставни активности, како што се: приредби,прослави,секции посветени на традицијата и културата.Училиштето промовира еднаков и правичен третман кон сите ученици. Учениците знаат да |

| | | |
|---|---|---|
| | | препознаат нееднаков третман и каде да се обратат доколку имаат нееднаков третман за што училиштето веднаш превзема мерки. |
| **Индикатор 3.3 Партнерски однос со заедницата** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| ➢ Извештај за работа на училиштето (полугодишен, годишен);<br>➢ Записници од советот на родители и родителски средби;<br>➢ Анкети со наставници, ученици и родители;<br>➢ Статут на училиштето; интернет-страница на училиштето; договори и меморандуми за соработка со општината и различни организации /институции;<br>➢ Извештаи од организирани акции, трибини, дебати, предавања со родителите /старателите и со претставниците | Соработка на училиштето со родителите /старателите | Во рамките на Годишната програма за работа на нашето училиште има Програма за соработка со родителите и Програма за соработка со локалната средина. Училиштето презема добро испланирани активности и организира обуки за да ги поттикне родителите да се вклучат во подобрувањето на воспитно-образовната работа на училиштето на сите нивоа. Родителите се поттикнати активно да се вклучат во наставниот процес преку организирање предавања на конкретна тема од нивната професија. Училиштето користи ефективни методи за комуникација со родителите преку организирање индивидуални и заеднички родителски средби и приемни денови како и отворен ден еднаш во месецот. Советот на родители и Училишниот одбор имаат свои деловници за работа. Преку Советот на родители, родителите се вклучени во работата на училиштето кој работи со своја програма, при што родителите се информираат за училишните активности во текот на годината, даваат предлози, мислење и сугестии за подобрување на воспитно – образовната работа. Исто така, родителите имаат свои претставници во Училишен одбор и на тој начин се вклучени во управувањето со училиштето. Училиштето има пропишани демократски процедури за избор на претставници на родителите во училишен одбор. Процедурите обезбедуваат во составот на училишните органи, застапеност на родители како членови што се од различни етнички заедници. Постои пишана документација за прифатени и реализирани |

| | | |
|---|---|---|
| на локалната заедница;<br>➢ Документација за добиени спонзорства и донации. | | идеи од родителите/старателите за подобрување на воспитнообразовниот процес во училиштето. |
| | Соработка со општината и со урбаната заедница | Училиштето е активно вклучено во животот на општината и урбаната заедница преку спроведување заеднички проекти, активности и организирање и учество на настани од интерес на заедницата. Училиштето го унапредува граѓанскиот активизам и волонтерското вклучување на учениците во активностите на заедницата. Општината и урбаната заедница се вклучуваат во подобрување на условите за работа во училиштето. Училиштето промовира и прифаќа вклучување волонтери од заедницата во наставните и воннаставните активности. Тоа промовира меѓуетничка интеграција во образованието и инклузивност во пошироката средина. Училиштето остварува квалитетна партнерска соработка со деловната заедница преку добро организирано учење преку работа/практичната обука и спроведување заеднички проекти поттикнати од двете страни. |
| **Индикатор 3.4 Севкупна грижа за учениците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| ➢ Кодекс на однесување;<br>➢ Куќен ред на училиштето;<br>➢ Набљудување на условите во училиштето;<br>➢ Протокол за превенција и заштита од | Превенција и заштита од насилство | Училиштето има протокол за насилство издаден врз основа на Упатството за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување, во кој се дефинирани сите облици на насилство (психичко, физичко, семејно насилство, булинг). Во училиштето се евидентира и санкционира секаков облик на насилство манифестиран од страна на возрасните и учениците и се применуваат механизми за |

| | | |
|---|---|---|
| насилство;<br>➢ Анкети/интервјуа со наставниците, родителите /старателите и со учениците;<br>➢ Педагошка евиденција за изречени педагошки мерки;<br>➢ Записници од советувања;<br>➢ Извештај за работа на училиштето (полугодишен, годишен);<br>➢ Записници од советот на родители и родителски средби;<br>➢ Педагошка евиденција и документација;<br>➢ Организирани трибини, дебати, предавања со учениците, родителите /старателите и со претставниците на локалната заедница за теми поврзани со: ментално здравје, социо-емоционални вештини, здраво живеење | | постапување и справување со евентуална појава на различни облици на насилство. Документот е достапен за сите (наставници, ученици и родители). Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето, а на потребите и грижите на децата им приоѓаат чувствително грижејќи се за нивните права, приватност и достоинство. Во активностите за заштита од насилство, училиштето соработува со надлежните институции (Центар за социјални работи, МВР, здравствени институции). При евентуални ситуации на појава на насилство, учесниците и сведоците на насилството, како и нивните родители се запознаени со своите права и процедури за поднесување на поплаки, а во случај на поплака училиштето постапува навремено и непристрасно. |
| | Заштита од пушење, алкохол и од дрога | Училиштето има политика за забрана за пушење, конзумирање алкохол, забрана за дистрибуција и конзумирање наркотични супстанци, која подразбира дека во училиштето не се пуши, не се доаѓа во алкохолизирана состојба и не се дистрибуираат и користат наркотични средства. Постои соработка со релевантни институции и локалната самоуправа за спречување на девијатните појави во училиштето. Во училиштето се реализираат предавања од страна на вработени и надворешни стручни лица за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства. Во училиштето се спроведуваат и проектни активности, истражувања, дебати со поголемите ученици на зададените теми. |
| | Квалитет на достапна храна | Училиштето се грижи да бидат запазени стандардите за квалитетот на храната што им се нуди на учениците. Во училиштето постои целодневна настава каде учениците имаат топол оброк. Комисија од вработени наставници во целодневна настава секојдневно вршат увид за квалитетот на |

| | | |
|---|---|---|
| и сл.; записници од спроведените активности за професионална ориентација. | | храната и доставуваат записници. Во училиштето се води кампања за здрава исхрана на учениците. Користејќи соодветни наставни содржини наставниците градат свест кај учениците за значењето на здравата исхрана за правилен раст и развој и добро здравје. Се прават еколошки кампањи кои влијаат за подигање на свеста кај учениците за консумирање здрава храна. По потреба училиштето во соработка со општината вршат контрола на квалитетот на храната. |
| | Хигиена и заштита од болести | Во училиштето постојано се води грижа за хигиената да се одржи на високо ниво. Тоалетите се чисти и дезинфицирани во секое веме од денот. Училиштето води грижа учениците правилно да ги користат тоалетите и да ја оддржуваат личната хигиена. Ходниците и скалите се чистат еднаш во денот, подот и мебелот во училниците се чистат пред почетокот на смената и на крајот на работниот ден. Во ходниците пред секоја училница има корпи за отпадоци. Дворот на училиштето е чист од секаков вид отпадоци и сите земјени површини се позеленети и редовно се одржуваат. Поголем дел од родителите сметаат дека хигиената во училиштето делумно задоволува. Во училиштето се реализираат предавања и работилници на актуелни теми за заштита од заразни болести. Редовно се организираат систематски прегледи за вработените и учениците. Согласно законската обврска за вакцинирање, во текот на првото полугодие учениците кои не се вакцинирале на редовниот термин при систематски преглед, по добиени списоци на невакцинирани ученици училиштето ги известува родителите и ги повикуваа учениците да се |

| | | |
|---|---|---|
| | | вакцинираат во однапред определени термини од здравствените работници во амбуланта Јане Сандански. |

| | | |
|---|---|---|
| | Грижа за безбедноста на учениците и вработените | Во училиштето има ПП-апарати кои редовно се сервисираат. Хидрантите се функционални и има документ за извршено мерење на громобранска инсталација. Во училишната зграда постои план за евакуација кој е поставен на видно и пристапно место и еднаш годишно се врши симулација за брзо напуштање на зградата во случај на елементарни непогоди и друга опасност. Училишната зграда е обезбедена од Агенција за обезбедување. |
| | Грижа за учениците од социјално загрозени семејства | Училиштето води грижа за учениците од социјално загрозените семејства и кога се укажува можност обезбедува материјални средства или друг вид помош со надворешна финансиска подршка (општина, хуманитарни организации, приватни фирми...) Училиштето спроведува интерни хуманитарни акции и соработува со родителите, локалната заедница и други релевантни институции(центри за социјална помош и сл.) со цел да се овозможи вклучување на сите ученици во воннаставните активности. |
| | Грижа за учениците со здравствени проблеми | Училиштето има пропишани процедури за грижа за учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отствуваат од редовната настава. Процедурите се спроведуваат во практиката за сите ученици кои имаат потреба од таков третман. На учениците поради заболување или посериозни повреди кои подолго време отсуствуваат од настава им даваме можност |

| | | |
|---|---|---|
| | | за проверка на знаењата и при тоа соработуваме со нивните родители, здравствените установи, центрите за социјална работа, хуманитарни организации и со други релевантни институции. |
| | Грижа за социо-емоционалната добросостојба на учениците | Училиштето има пропишана процедура за навремено откривање и грижа за учениците со емоционални проблеми. Училишниот психолог, им помага на учениците со вакви ситуации. Психологот и другите стручни соработници, доколку има потреба ги упатуваат овие ученици до соодветните и релевантни институции.<br>Како најчести причини се семејни проблеми (живот со еден родител, губење на еден родител, загуба на личност во семејството со која биле блиски и сл), а во текот на школувањето, кај учениците во семејството може да постои отсуство на еден од родителите (поради развод на родителите и сл.), постконфликтни трауми. |
| | Давање помош при изборот за продолжување на образованието | Во училиштето се организира и спроведува советодавна помош и поддршка на учениците за избор на средно училиште, односно занимање според однапред изготвена програма. Одговорниот тим (психолог, дефектолог, педагог, заедно со класните раководители) секогаш им дава на учениците јасни и точни информации за можностите за образование. На учениците од деветто одделение, психологот им задава прашалник за професионална ориентација. Податоците од анкетите овозможуваат да се видат можностите и афинитетите на ученици и соодветно на тоа да се врши нивно професионално насочување. Нашето училиште редовно ги следи конкурсите за упис во средните училишта. Преку посета на претставници од голем број државни и приватни средни училишта, преку традиционално организирање на настан „Денови на занаетчиство“ кој го организира нашето училиште за промоција на средните |

| | | |
|---|---|---|
| | | стручни училишта и нивно претставување пред нашите ученици, учениците добиваат и промотивни материјали со цел подобро да се информираат за воспитно-образовниот процес во одредено средно училиште, а учениците имаат можност да запознаваат со можностите, условите и критериумите за запишување во прва година средно образование во одредени училишта од градот Скопје. На учениците им се даваат промотивни материјали со цел подобро да се информираат за воспитно-образовниот процес во одредено средно училиште, а учениците имаат можност да присуствуваат и на трибини, отворени денови, како и посети на средни училишта од градот. Тие имаат достапни информации за одредени средни училишта и на училишната веб страна. За сите овие активности во училиштето од страна на стручните соработници се води уредна документација. Инклузивниот тим (дефектологот и психологот) од училиштето работи на професионалната ориентација на учениците со ПОП. |

**Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

| **Опис/резиме на подрачјето** |
|---|
| Имиџот на нашето училиште е на високо ниво. Препознатливо е по високиот квалитет на работа и континуираната насоченост кон остварување на визијата и мисијата на училиштето. Училишната клима се гради врз основа на водење конструктивен професионален дијалог помеѓу вработените и градење позитивни односи меѓу сите чинители во воспитно-образовниот процес, взаемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот.<br>Сите ученици без оглед на способностите, родот, етничката припадност и потеклото се чувствуваат безбедни и прифатени во училиштето. Поведението и дисциплината на учениците е на задоволително ниво. Постои работна атмосфера за време на наставата и воннаставните активности. Педагошко-психолошката служба во училиштето има добра соработка со наставниците, родителите и учениците и со успех ги решаваат одредените потешкотии.<br>Во училиштето постои демократски избрана Ученичка заедница и Ученички парламент кои учествуваат во решавањето проблеми и донесувањето одлуки што се од непосреден интерес |

| |
|---|
| за учениците. Училиштето ги промовира личните постигнувања на учениците преку разни електронски и печатени медиуми. Наставниците успешно ги мотивираат учениците да земат учество на разни натпревари, активности и манифестации каде се стекнуваат со разни награди, признанија и пофалби. Училиштето има воспоставен систем за континуирано информирање и промовирање на реализираните активности и успеси. Се промовираат еднаквоста и правичноста на сите структури што учествуваат во воспитно-образовниот процес. Во просториите на училиштето се организираат работилници со родителите со цел да ги запознаат со правата на децата. Воспоставена е здрава клима меѓу учениците и меѓу наставниците без разлика на пол, етничка припадност или разлика во способностите. Училиштето презема добро испланирани активности и обуки за да ги поттикнат родителите да се вклучат во подобрување на воспитно-образовната работа на сите нивоа. Преку Советот на родители и Училишниот одбор родителите се информираат за сите училишни активности, даваат предлози, мислења и сугестии. Училиштето е активно вклучено во животот на општината и урбаната заедница преку спроведување заеднички проекти. Училиштето остварува квалитетна партнерска соработка со деловната заедница преку добро организирано учење преку работа/практичната обука и спроведување заеднички проекти поттикнати од двете страни. |
| **Силни страни**<br>➢ Раководството ја цени работата и залагањето на наставниците и е посветено на унапредување на работата на училиштето.<br>➢ Освен што има воспоставен куќен ред и правилник на однесување училиштето има и воспоставен кодекс на облекување (задолжителни училишни униформи).<br>➢ Најголем дел од родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето и сметаат дека во училиштето владее клима каде наставниците се почитуваат меѓусебно.<br>➢ Најголем дел од учениците се изјаснуваат дека часовите им се интересни и интерактивни, како и дека учениците се подеднакво вклучени во истите. Најголемиот дел од учениците од фокус групата часовите ги доживуваат како интересни и се изјаснуваат дека имаат слобода да го искажат своето мислење на часот.<br>➢ Најголемиот дел од учениците сметаат дека сите ученици еднакво се третирани за време на часовите, оценките кои ги добиваат им се образложени и им се даваат конкретни насоки како да се подобрат.<br>➢ Училишниот парламент се организира и спроведува успешно. Активно работи на подобрување на работата на училиштето и има исполнети активности во текот на учебната година.<br>➢ Според родителите и учениците соработката и учеството на родителите во работата на училиштето е на високо ниво. И родителите се заинтересирани за училишниот живот на нивните деца и активно учествуваат во истиот.<br>➢ Училиштето организира трибини, настани, заеднички проекти во соработка со општината, а се од интерес на училиштето и заедницата. Училиштето има соработка со Поликлиника Јане Сандански, Противпожарниот сојуз, Полиција, Црвениот крст и со Експертски центар за родителство.<br>➢ Најголемиот дел од учениците се изјаснуваат дека чувствуваат безбедно за време на |

| |
|---|
| наставата и одморите и дека знаат каде и кому да се обратат доколку се почуствуваат небезбедно. Бројките се високи и од родителите и наставниците по прашање на безбедност.<br>➢ Училиштето води редовна евиденција за учениците со здравствени проблеми и хронични болести.<br>➢ Училиштето се грижи за социо- емоционалната добросостојба на учениците<br>➢ Преку интерни работилници, внатрешни посети и посета на отворени денови училиштето дава помош при изборот за продолжување на образованието |
| **Слаби страни**<br>➢ Училиштето врши мал број на обуки на учениците за заштите од пушење алкохол и дрога **(40.4%** од вработените целосно се согласуваат дека *училиштето врши редовни обуки на учениците за заштите од пушење алкохол и дрога*, а **44.7%** делумно се согласуваат со оваа изјава. |
| **Приоритети**<br>➢ Да се спроведат дополнителни обуки на учениците *за заштите од пушење алкохол и дрога,* |

**Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики**

| **Индикатори за подрачјето:** |
|---|
| **4.1 Управување и раководење со училиштето**<br>• Управување со училиштето<br>• Раководење со училиштето<br>• Управување и раководење со ресурсите<br>• Раководење со кадарот<br>• Следење и унапредување на наставниот процес<br>**4.2 Цели и креирање на училишната политика**<br>• Процедури за креирање на училишната политика<br>• Резултати од развојно планирање<br>• Планирање и управување со училишниот буџет |

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 4.1Управување и раководење со училиштето** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Програма за работа на училишниот одбор;<br><br>деловник за работа на училишниот одбор;<br><br>статут на училиштето;<br>финансиски план, записници, одлуки и извештаи од работата на училишниот одбор (годишни, полугодишни, посебни);<br><br>записници од ученички парламент за избор на претставници;<br><br>самоевалуација, план/програма за развој на училиштето;<br>програма за работа на директорот;<br>програма за професионалниот развој на директорот;<br>интервјуа со наставници, родители и ученици, инклузивниот тим и училишниот одбор;<br>план за следење на активностите за меѓуетничка интеграција и квартални препораки;<br>записници од инспекциски надзори;<br>записници од работата на тимот за училишна | Управување со училиштето | Орган на управување во училиштето е Училишниот одбор. Во составот има седум члена и тоа : Членовите на Училишниот одбор по националност се Македонци и е застапена родовата еднаквост. Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето. Работата на УО е јасно дефинираниа со Деловникот за работа на УО. Училишниот одбор се избира јавно и демократски, по навремено дадена покана одржува редовни состаноци, се читаат записниците и се гласа демократски за одлуките. Има Деловник за работа и соработува со директорот**.** Од спроведената анкета констатирано е дека Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган во училиштето и други образовни структури и дека обезбедува редовни и сеопфатни информации за својата работа на вклучените во воспитно-образовниот процес Училишниот одбор работи според Годишната програма за работа ги опфаќа сите потребни содржини кои се законски и статутарни обврски. За донесените одлуки се информирани вработените, родителите и учениците преку објавување на огласна табла. Училиштето аплицира за обука за новоименуваните членови на Училишниот одбор, заради успешно извршување на улогата на управување. Училишниот одбор активно учествува во креирањето политики и води училишни политики во кои се афирмира инклузивноста на училиштето, меѓуетничка интеграција во образованието и младинско учество. |
| | Раководење со училиштето | Раководниот орган има визија за развојот на училиштето, професионалниот развој на наставниците и унапредувањето на наставата и оценувањето. Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето.<br><br>Раководниот орган работи тимски при процесот на градење политики, планирање и обезбедување |

| | | |
|---|---|---|
| интеграција; | | квалитет.<br><br>Раководниот орган објективно го оценува работењето на вработените, го вреднува нивниот придонес во тимската работа и ја промовира добрата практика што постои во училиштето; донесува одговорни одлуки; има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата, способност ефективно да делегира, комуницира и да раководи со вработените и нивниот развој.<br><br>Новините во образованието ги имплементира на ниво на училиште. Континуирано ги следи акциските планови за реализација на развојната програма. Воспоставува партнерства со непосредната локална средина, деловната средина и граѓанските организации. Директорот го вклучува училиштето во регионални и меѓународни училишни мрежи. |
| | Управување и раководење со ресурсите | Директорот има јасен план и распоред за максимално користење на расположливите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците. Училиштето планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности.Училишната библиотека/медиатека располага со повеќе од пет книги по ученик, вклучувајќи ги и лектирните изданија, пропорционално застапени според наставните јазици што се изучуваат во училиштето.<br><br>Училишната библиотека располага со најмногу пет книги по ученик, вклучувајќи ги и лектирните изданија. Во библиотеката се води електронска евиденција за издадени и вратени книги, има компјутер и пристап до интернет. Библиотечната евиденција се води во согласност со законската регулатива. Поради ограничени просторни капацитети библиотеката нема читална. Библиотеката е отворена за користење од учениците и наставниците во текот на училишниот ден и работи согласно со распоредот за работното време на библиотекарот. |
| | Раководење со кадарот | Училиштето има соодветен наставен кадар за реализација на сите наставни планови и програми, |

| | | |
|---|---|---|
| | | како и стручни соработници. Во училиштето функционираат механизми за замена на наставник и надополнување на наставата во случаи на краткорочно и долгорочно отсуство. Програмата за професионален развој на наставниците и стручните соработници е изготвена врз основа на нивните лични развојни планови. Постои практика секоја година да се врши дисеминација на базичните обуки. Училиштето организира и ги вклучува наставниот кадар и стручните соработници во интерни и екстерни обуки, согласно со потребите на кадарот, образовните реформи и современтите образовни текови. Директорот ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот.<br>Училиштето има и внатрешни механизми за оддавање признанија на кадарот што внесува ефективни иновации во работата. Наставниот кадар и стручните соработници имаат ажурирани професионални досиеја. Училиштето има пропишана процедура за организација и реализација на приправничкиот стаж, како и програма за менторство. |
| Разговор со стручна служба, наставниците и директор | Следење и унапредување на наставниот процес | Наставникот е носител на воспитно-образовната дејност и главен фактор за правилно градење и развивање на младите личности, модел за позитивна идентификација и затоа позитивното мислење на колегите за него, мислењето од учениците, родителите и целата средина е негова оценка. Сепак следењето на работата на наставницита се врши преку посебни критериуми, форми и активности и тоа посета на часовите на наставниците од страна на директорот и стручните соработници, по претходно изготвен распоред, континуирано ја следат работата на наставниците. Секој наставник се следи на најмалку два наставни часа во текот на едно полугодие за што се дава повратна информација. За следењето на наставниот час директорот и стручните соработници користат подготвени листи за проверка/протоколи како подготовка за успешно следење на наставниот час. |

| Индикатор 4.2 Цели и креирање на училишната политика | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Годишна програма за работа на училиштето<br><br>Развоен план на училиштето<br>Акциони планови<br><br>Наставници<br><br><br>Записници од Училишен одбор,<br>Совет на родители<br>Наставнички совет<br>Стручна служба | Процедури за креирање на училишната политика | Училиштето делува како самостоен субјект.<br>Општа цел на училиштето е да го оспособи ученикот да го примени стекнатото и тековното знаење во разни области од човековото живеење, што е воедно во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Учениците да се здобијат со потребни знаења, умеења и навики од одредени научни дисциплини усвојувајќи знаења за продолжување на образованието или вклучување во процесот на трудот, односно да обезбеди основа за доживотно учење. Изминатите години приоритетно беше воспитување и образување на учениците преку подигнување на еколошката свест, намалување на сите видови насилства во училиштата , инклузија, меѓуетничка интеграција во образовниот процес, зголемување на одговорноста на учениците, намалување на отсуствата од часови и подигнување на квалитетот на наставата со примена на интерактивна настава и примена на ИКТ во реализацијата на наставните содржини.<br>Училиштето има пропишани процедури за донесување училишни политики кои се креираат преку долгорочно планирање и вклученост на вработените, учениците, училишните структури и останатите чинители. Училиштето континуирано ги подобрува политиките за унапредување на квалитетот на работење во училиштето.<br>Процедури за креирање на училишната политика<br>Поставените цели придонесуваат за подобрување на постигањата на учениците преку реализација на следниве задачи:<br>• континуирано оценување на учениците со примена на различни методи и техники<br>• навремено регулирање на изостаноците и изрекување педагошки мерки<br>• интензивирање на соработката помеѓу родителите,<br>• анализа на причините за отсуства од настава<br>• советодавни разговори со учениците и родителите<br>• оспособување на учениците за критичко размислување и активно дејствување во |

| | | |
|---|---|---|
| | | околината.<br>• Инклузија во настава<br>• Намалување на сите видови насилства во училиштата<br>• намалување на семејното насилство<br>• антикорупциска едукација на учениците<br>• недискриминација, еднаков пристап до квалитетно образование за сите<br>• поттикнување на емпатијата и социјалната интелигенција кај младите<br><br>За учениците кои имаат потешкотии во учењето во текот на учебната година се организира дополнителна настава. За учениците кои ќе покажат зголемен интерес за одделни научни и наставни содржини организирана е додатна настава преку која ќе се обезбеди проширување и продлабочување на содржините на одделни предмети и подрачја. Слободните ученички активности придонесуваат за ангажирање и поттикнување на индивидуалните способности, задоволување на интересот на учениците. Вонназтавните активности се можност за креативно изразување на учениците во области за кои покажуваат поголеми афинитети. Освоените награди и признанија се еден од показателите за успешност на училиштето. Реализирани се проекти (Проект за меѓуетничка интеграција во образованието, Проект за ненасилно однесување во училиштата, Јакнење на професионалната компетенција на стручните соработници во советување со деца и родители. училиштето се води политика на взаемна толеранција поврзана со поведението и дисциплината, сузбивање на насилничкото однесување на учениците и дискриминација од секаков вид. Правилникот за педагошки мерки и Статутот на училиштето. Соработката на стручните соработници со учениците, наставниците и родителите придонесува за подобро решавање на сите појави кои се однесуваат на напредокот на училиштето. Училиштето има извонредна соработка со родителите која се одвива преку: родителскиот одбор, родителски средби, индивидуални контакти и соработка со стручните соработници. Обврските и задолженијата на вработените се јасно прецизирани и навремени, а тоа придонесува за поголема ефективност и успешност |

| | | |
|---|---|---|
| Годишна програма за работа на училиштето 2023/2024,<br><br>План за развој на училиштето,<br><br>Полугодишен и годишен извештај на училиштето,<br><br>Записници од стручни активи,<br><br>Увид во финансов план, Развоен план и годишна програма за работа на училиштето,<br><br>Записници и одлуки на Училишен одбор, Склучени договори, тендери за јавни набавки и понуди,<br><br>Записници од ревизија на УЈП | | на училиштето. Вработените се карактеризираат со стручност, квалификации и професионалност. Сите вработени активно учествуваат во креирањето и ажурирањето на стратегиите за остварување на поставените цели. |
| | Резултати од развојно планирање | Целите во развојната програма се конкретни, остварливи и ги отсликуваат предизвиците идентификувани од самоевалуацијата и интегралната евалуација на училиштето. Целите за развојно планирање се адаптирани на подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес. Стратегиите и процедурите кои се користени во процесот на самоевалуација и развојниот план на училиштето ги имаат идентификувано соодветните приоритети и задачи. Планираните цели се прецизни и јасно ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето и истите се имплементирани и во Годишните програми за работа на училиштето. Во процесот на планирање на целите и нивното поставување се вклучени наставниците-ментори, наставниците, родителите, учениците, училишниот одбор и претставниците од локалната заедница. Целите на развојното планирање на училиштето се адаптирани на подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес и тие придонесуваат за подобрување на севкупните состојби во училиштето. Самоевалуацијата и Развојниот план се изработуваат согласно Законските и статутарните одредби.<br>Училиштето има акциски планови за постигнување на резултати од поставените цели. Училиштето има план за следење и евалуација на Развојната програма, а планираните цели се реализираат доследно. Директорот и стручната служба соодветно се залагаат за реализација на Годишната програма за работа на училиштето, органите и телата на училиштето се активно вклучени во креирањето на училишната образовна политика, наставниците се вклучени во изработка на акциските планови на училиштето. |
| | Планирање и управување со училишниот буџет | Директорот ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето и има изработено финансиски план за распределување на финансиските средства.<br>Училишниот одбор е запознаен со финансиските активности на училиштето. Училиштето навремено ги |

| | | |
|---|---|---|
| | | информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето. Транспарентноста во планирањето и трошењето на училишниот буџет се остварува така што УО разгледува и донесува одлуки во врска со намената на финансиските средства, Годишен план за јавни набавки се доставува до Општината, Советот на родители е информиран за секоја одлука во врска со трошењето на средства од училишниот буџет.<br>Буџетските приоритети се тесно поврзани со приоритетите на образовните цели на училиштето и буџетот се користи наменски и за цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина.<br>Финансиското работење се одвива согласно претходно изготвен *План за работа за сопствената и општинската сметка.* Според годишниот финансов план за работа е изготвен Годишен План за јавни набавки кој е усвоен од страна на Училишниот Одбор како управен орган на училиштето. При изработката на Планот за јавни набавки земени се предвид потребите на наставниците, учениците и вработените по претходно изработени извештаи. Утврдени се постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиското работење на училиштето. Се применуваат Правилници и Законот за финансиско работење на училиштето како и тендерски постапки. Училишниот одбор разгледува и усвојува Годишен план за финансиско работење на училиштето.<br><br>Финансискиот план е одобрен од Училишниот одбор и Советот на општината. Училишниот одбор е орган на управување во училиштето. Работењето на училишниот одбор е регулирано со<br>Статутот и Деловникот за работа. При донесување на важни одлуки се почитуваат статутарните и<br>обврските од деловникот. Училишниот одбор соработува со директорот на училиштето, стручната служба и наставниците, но и со другите заинтересирани страни (родители, ученици, локална заедница). Училишниот одбор работи според Годишната програма за работа ги опфаќа сите |

| | | |
|---|---|---|
| | | потребни содржини кои се законски и статутарни обврски. За донесените одлуки се информирани вработените, родителите и учениците преку објавување на огласна табла. Училишниот одбор соработува со директорот на училиштето на суштинско ниво. |

## Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики

**Опис/резиме на подрачјето**

- Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето.

- Работата на УО е јасно дефинираниа со Деловникот за работа на УО. Училишниот одбор се избира јавно и демократски, по навремено дадена покана одржува редовни состаноци, се читаат записниците и се гласа демократски за одлуките.

- Раководниот орган има визија за развојот на училиштето, професионалниот развој на наставниците и унапредувањето на наставата и оценувањето.

- Вработените добро ги познаваат и разбираат мисијата и визијата, а останатите чинители се запознаени со нив. Училиштето ги мобилизира сите релевантни субјекти (вработените, структурите во училиштето, учениците, локалната заедница) да работат на остварување на мисијата и визијата.

- Вработените активно учествуваат во креирањето и остварувањето на целите на училиштето со севкупното работење (изготвување и целосна реализација на наставниот план и програма како и наставните цели, меѓусебна соработка и споделување идеи и искуства, организирање и учество на презентации, работилници и приредби, натпревари, обуки, состаноци).

- Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Сите вклучени страни, вработените, родителите и учениците активно учествуваат во креирањето на целите, начелата и вредностите на училиштето и се запознаени со начинот на нивно остварување и подобрување.

- Училиштето има изготвен акциски план за остварување на резултатите во поставените цели и доследно ги спроведува. Училиштето има план за следење и евалуација на реализација на активностите и постигање на поставените индикатори за успешност. - Целиот извештај е донесен врз основа на анкетни прашалници, интервјуа, записници, извештаи, увиди...

**Силни страни**

- Силна страна на раководниот орган се комуникациските вештини, одржувањето добри односи помеѓу сите учесници во наставата, промовира и поддржува тимска работа. Овозможува демократска размена на мислења, почитува мислења при одлучувањето и ги стимулира стручните активи да се насочат кон професионален развој. Во соработка со одговорните на стручните активи ги идентификува потребите од нагледни средства и потрошен материјал и навремено ги набавува.
- Во училиштето постојат услови за демократско одлучување.
- Соработката со сите субјекти во училиштето е добра.
- Директорот има јасна визија за развојот и напредокот на училиштето.
- Постигањата на учениците и промовирањето на училиштето се приоритет.
- Во процедурите за креирање на училишна политика на училиштето се вклучени сите субјекти.
- Директорот има јасна визија за развојот и напредокот на училиштето.
- Постигањата на учениците и промовирањето на училиштето се приоритет.
- Во процедурите за креирање на училишна политика на училиштето се вклучени сите релевантни учесници.

**Слаби трани**

- Библиотеката нема читална поради ограничени просторни капацитети и нема доволен фонд на книги за награди на ученици кои постигнуваат високи резултати во совладување на наставниот материјал, натпревари и слично.
- Обуки за новоименуваните членови на УО

**Приоритети**

- ✓ Проширување на просторните капацитети на библиотеката и зголемување на фондот на книги.
- ✓ Обуки за новоименуваните членови на УО.

## Предлог-мерки за за подобрување на квалитетот на работата на училиштето

При анализа на самоевалуацијата на работата на ООУ „Блаже Конески“, Општина Аеродром, Скопје за периодот 2022-2024 година, од страна на комисијата констатирани се многу силни страни, но и одредени слаби страни од кои произлегуваат приоритетите за работа во

При анализа на самоевалуацијата на работата на ООУ „Блаже Конески", Општина Аеродром, Скопје за периодот 2022-2024 година, од страна на комисијата констатирани се многу силни страни, но и одредени слаби страни од кои произлегуваат приоритетите за работа во развојната програма со цел да се унапредување на работата на училиштето, односно за подобрување на квалитетот на работата на училиштето.

Приоритети на кои треба да се работи се следните:

1. Проширување на просторните капацитети, инфраструктура (реконструкција на училиштето).
2. Меѓуврсничка поддршка за совладување на наставниот материјал.
3. Да се спроведат дополнителни обуки на учениците за заштита од пушење алкохол и дрога.
4. Проширување на просторниот капацитет на библиотеката (со читална)
5. Зголемување на фондот на книги во библиотека кои служат за награди на ученици.

Комисија за СЕУ:

Александра Арсовска Белчовска- психолог,
Весна Анѓеловска-педагог,
Ангелина Митева- одделенски наставник,
Маре Јаничиќ- наставник по физика
Александра Ѓеорѓиевска- Спасовски - преставник од родители
Билјана Кочоска Тодоровска – преставник од Општина Аеродром